РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 04-7478/12
03-11-2022 .2022 год.
Скопје

Врз основа на член 52 став 3 од Законот за административни службеници ("Службен Весник на Република Македонија"бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016, 11/2018 и ("Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22 ), а во врска со објавениот интерен оглас бр.3/2022, Државниот секретар на министерството за животна средина и просторно планирање донесе:

# О Д Л У К А
## за невршење на избор на
## административен службеник за унапредување по пат на интерен оглас

1. По интерниот оглас број 3/2022 за унапредување на административен службеник во Министерството за животна средина и просторно планирање објавен на ден 20.10.2022 година на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање и на веб страната на Агенцијата за администрација, за работното место Самостоен референт за база на податоци и информирање, Одделение за планирање и развој на водите, Сектор води -1 извршител, НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 20.10.2022 година на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање и Агенцијата за администрација беше објавен интерен оглас бр.3/2022, за унапредување на 7 (седум) административни службеници, во кој како едно од работните места беше објавено и работното место Самостоен референт за база на податоци и информирање, Одделение за планирање и развој на водите, Сектор води – 1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање, формирана со Решение бр. 04-7478/4 од 31.10.2022 година, по спроведената административна селекција за горенаведеното работно место, утврди дека има аплицирано еден

кандидат кој е неуреден, од причина што не ги исполнува посебните услови за работното место односн нема соодветно стручно средно образование, што е констатирано и на Записник од админстративна селекција по интерен оглас 3/2022 од 04-7478/5 од 01.11.2022 година.

Врз основа на горенаведеното одлучено е да не се изврши избор на кандидат за наведеното работно место.

Државен секретар
Каја Шукова

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Shkup

Изработил: Fitim Xemaili
Контролирал: Misrete Edipi

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова одлука кандидатот има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

*Доставено до:*

- *Именуваниот*
- *Архива*
- *Одделение за управување со човечки ресурси*
- *Сметководство*